ФЗОРСМ
FSSHRMV

# Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
# Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Број:
Дата: __.06.2021 година

До ПЗУ ____________________________

Копија до: Подрачни служби на ФЗОРСМ
- За раководителите

Предмет: **Известување**

Почитувани,

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување објавен во „Службен весник на РСМ" бр. 77/2021 година, кој стапи во сила од 06.04.2021 година, ве известуваме за следните новини кои се однесуваат на остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување:

1. Согласно измените на законот, Фондот ги собира и обработува личните податоци на осигурените лица од лична карта или патна исправа при остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување.

   Тоа значи дека осигурените лица можат да подигнуваат лекови на товар на средствата на Фондот во аптека со уреден и важечки хартиен рецепт за пропишан лек за акутна терапија/наркотика и пропишан лек на електронски рецепт за хронична терапија на товар на Фондот, **само со приложен документ за лична идентификација (лична карта или пасош) на увид.**

   За осигурените лица кои од било која причина се спречени да одат во аптека, како и за малолетните лица, лековите за нив може да ги подигнува друго лице кое ќе приложи документ за лична идентификација.

2. Со законот е предвидено дека пропишувањето и издавањето на лекови на рецепт на товар на Фондот со електронски рецепт **потпишан со квалификуван дигитален сертификат на лекарот/фармацевтот/фармацевтскиот техничар**, <u>ќе се врши преку информатичко-комуникацискиот систем на Фондот</u>. При тоа, проверениот и

Numër:
Data: ___.06.2021

Drejtuar: ISHP___________________

**Kopje drejtuar:** Njësisë Rajonale të FSSHRMV-së
- Për udhëheqësit

Lënda: **Njoftim**

Të nderuar,

Me miratimin e Ligjit për Ndryshimet dhe Plotësimet në Ligjin për Sigurim Shëndetësor botuar në "Gazetën Zyrtare të RMV-së" nr. 77/2021, i cili hyri në fuqi më datën 06.04.2021, ju njoftojmë për risitë në vijim që kanë të bëjnë me realizimin e të drejtave nga sigurimi i detyrueshëm shëndetësor:

1. Sipas ndryshimeve në ligj, Fondi mbledh dhe përpunon të dhënat personale të personave të siguruar nga letërnjoftimi ose pasaporta gjatë ushtrimit të të drejtave nga sigurimi i detyrueshëm shëndetësor.

   Kjo do të thotë që personat e siguruar mund të marrin barna në kurriz të Fondit në barnatore me recetë të rregullt dhe të vlefshme për një bar të përshkruar për terapi akute/narkotikë dhe bar të përshkruar për terapi kronike në kurriz të Fondit, **vetëm me një dokument të bashkangjitur për identifikim personal (letërnjoftim ose pasaportë) për inspektim.**

   Për personat e siguruar të cilët për ndonjë arsye ndalohen të shkojnë në barnatore, si dhe për të miturit, barnat për ta mund të merren nga një person tjetër i cili do të bashkëngjesë një dokument për identifikim personal.

2. Me Ligjin është parashikuar që përshkrimi dhe lëshimi i barnave me recetë në kurriz të Fondit me recetë elektronike **të nënshkruar me një çertifikatë dixhitale të kualifikuar të mjekut/farmacistit/teknikut farmaceutik**, <u>do të bëhet përmes sistemit të informacionit-komunikimit të Fondit</u>. Gjatë kësaj, receta elektronike e kontrolluar dhe e vërtetuar e krijuar nga

[1] 03-6724/1 [2021]

ка Северна Македонија
aqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр.5, 1000 Скопје
Adresa:Rr. Maqedonia, nr.5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk

ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

контролиран електронски рецепт креиран од избран лекар, заверен од Фондот со временски жиг, се запишува во Регистарот на рецепти на Фондот.

Со оглед на тоа дека електронскиот рецепт на Фондот е воведен согласно претходно донесените Уредби со законска сила, ќе продолжи со примена според новиот член 28-а од законот, кој ќе стапи во сила најдоцна три месеци од денот на влегување во сила на овој закон, односно најдоцна до 06.07.2021 година.

Во овој период осигурените лица можат и понатаму да продолжат да подигнуваат лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот и без приложување на хартиен рецепт од избран лекар за лекови за хронична терапија, на начинот утврден од страна на Фондот.

Со почит,

mjek i zgjedhur, i verifkuar nga Fondi me vulë kohore, regjistrohet në Regjistrin e barnave të Fondit.

Duke marrë parasysh që receta elektronike e Fondit është futur në përputhje me Dekretet e miratuara më parë me fuqi ligjore, do të vazhdojë me pranim sipas nenit të ri 28-a të ligjit, i cili do të hyjë në fuqi jo më vonë se tre muaj nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, përkatësisht jo më vonë se 06.07.2021.

Gjatë kësaj periudhe personat e siguruar mund edhe më tej të vazhdojnë të marrin barna nga Lista e barnave që bien në kurriz të Fondit dhe pa bashkëngjitur recetë letre nga mjeku i zgjedhur për barna për terapi kronike, në mënyrën e përcaktuar nga ana e Fondit.

Me respekt,

ДИРЕКТОР / DREJTOR,
Стево Крстевски Faton Ahmeti, Mr.sc., MBA

Подготвил/Përpiloi: Емилија Божиновска

Одобриле/Miratuan: Јасминка Смилевска

Цвете Серафимовски

Сашо Станчески

Превел/Përktheu: Zuliha Sulejmani